ЈПКР УСЛУГА - Берово
ул. "Маршал Тито" бб П.Ф. 2330 Берово
https://www.jpkrusluga-berovo.com.mk email: berovo.usluga@gmail.com
Тел: 075-218-251, 075-309-347, 075-472-884

# Извештај за работа на ЈПКР Услуга Берово за 2021 година




Берово, февруари 2022

**С О Д Р Ж И Н А**


1. СЕКТОР ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА........ 3
   1.1. ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ........ 4
2. СЕКТОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА........ 6
   2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА........ 6
   2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ-КАНАЛИЗАЦИЈА........ 6
3. СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)........ 7
4. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА........ 15
   4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА........ 15
   4.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗИЛА........ 16
5. СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО........ 18
   5.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ИЗЕЛЕНИЛО........ 18
   5.2. ЧИСТОТА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ........ 23
   5.3. ОДДЕЛЕНИЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА........ 26
   5.4. ГРАДСКИ ПАЗАР........ 28

## 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СЕКТОР ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА

Производството на вода за пиење на филтер станицата во текот на 2021 година беше редовно, односно корисниците беа снабдени со вода за пиење 24 часа на ден.

Во текот на оваа година преработени се 1.533.044 $m^3$ сурова вода, од кои 1.215.211 $m^3$ вода се пуштени во дистрибутивната мрежа. За технички потреби за производството на вода се потрошени 262.813 $m^3$ вода.

Во табелата се дадени количините на сурова, преработена вода по месеци, како и количините на вода од прелив и вода за перење на филтрите.

| месец | сурова вода | влез во резервоар | влез во мрежа | загуби во процес | прелив |
|---|---|---|---|---|---|
| јануари | 171.393 | 93.203 | 91.407 | 24.190 | 3.327 |
| февруари | 108.876 | 85.593 | 82.394 | 23.283 | 4.988 |
| март | 101.299 | 86.046 | 85.106 | 15.253 | 2.857 |
| април | 108.916 | 86.217 | 84.527 | 22.699 | 2.860 |
| мај | 124.817 | 98.932 | 95.410 | 25.885 | 6.458 |
| јуни | 118.814 | 97.844 | 92.757 | 20.970 | 6.815 |
| јули | 184.414 | 156.578 | 154.828 | 27.836 | 4.808 |
| август | 180.113 | 154.226 | 143.546 | 25.887 | 11.247 |
| септември | 123.586 | 101.840 | 93.396 | 21.746 | 9.746 |
| октомври | 114.024 | 93.131 | 83.663 | 20.893 | 11.019 |
| ноември | 95.530 | 78.819 | 73.929 | 16.711 | 6.081 |
| декември | 101.242 | 83.782 | 82.705 | 17.460 | 2.172 |
| **вкупно** | **1.533.044** | **1.216.211** | **1.163.668** | **262.813** | **72.378** |

При производството на вода се врши хемиски третман на суровата вода, за добивање на безбедна вода за пиење според пропишаните параметри во Правилникот на безбедност на водата за пиење. Како реагенси се користат алуминиум сулфат, хидрантна вар и ППА (флокулант). Во следната табела е претставена потрошувачката на реагенси по месеци :

| **месеци** | **Сулфат kg** | **Вар kg** | **Поли g** |
|---|---|---|---|
| **јануари** | 4.000 | 2.000 | 17.000 |
| **февруари** | 3.000 | 1.500 | 6.000 |
| **март** | 2.400 | 820 | / |
| **април** | 2.700 | 500 | / |
| **мај** | 2.500 | 250 | / |
| **јуни** | 2.400 | 250 | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **јули** | 3.850 | 716 | / |
| **август** | 3.450 | 390 | / |
| **септември** | 2.800 | 430 | / |
| **октомври** | 3.000 | 470 | 600 |
| **ноември** | 2.300 | 350 | / |
| **декември** | 3.500 | 1.050 | 11.800 |

Вработените на филтер станицата постојано се залагаат за уредување и одржување на објектите и дворот.

Во соработка со градоначалникот на Општина Берово во тек е изработка на проектна документација за целосна реконструкција на филтер станица за производство на вода за пиење.

## 1.1 ГОДИШЕН ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Според препораките на СЗО (Светската Здравствена Организација) под квалитет на вода за пиење се подразбира вода која ги задоволува пропишаните стандарди за квалитет, односно не претставува ризик по здравјето на луѓето со нејзиното користење, вклучувајќи ја и зголемената осетливост на организмот во одредени периоди на животот.

Активностите во нашата лабораторија се состојат од секојдневна контрола на водата за пиење од повеќе мерни места. Тука спаѓа и секојдневната промена на квалитетот на сурова вода, следење на процесот на преработка на водата и следење на квалитетот на водата што се пушта во дистрибутивната мрежа. Примероците на вода кои се земаат од овие контролни места, всушност ни даваат податоци за тоа како се одвива самиот процес на преработка на вода и тука спаѓа анализа на примерокот на сурова вода, таложниот процес, контрола на филтрирање преку песок, контрола на филтрирање преку јаглен и анализа на финалната вода во резерварот.

- **Физичко-хемиски параметри**

*а) Органолептики карактеристики*

Под органолептички карактеристики се подразбира континуирано следење на бојата, мирис и вкус како на сурова така и на преработената вода. Суровата вода поради самата структура на органските материи најчесто е обоена во нијанси на светло жолта боја,без вкус и мирис.

Кај преработената вода не се забележува обојување,мирис и вкус.

*б) Матност*

Според Правилникот за безбедност на вода за пиење, максимална дозволена концетрација МКД за матност е 1 NTU. Кај нас овој параметар е исполнет.

*в) pH вредност*

Според Правилникот за безбедност на вода за пиење, pH вредноста треба да се движи во интервалот од 6.5 до 9.5. Кај нас овој параметар е исполнет.

*г) Електроспроводливост*

Според Правилникот за безбедност на вода за пиење максимална дозволена вредност е 1000 µS/cm, нашата вода спаѓа во класата на води со малку минерали,односно спаѓа во групата на многу меки води.

- **Хемиски параметри**

*а) Неоргански параметри*

Вредностите за концентрацијата на неорганските параметри ние ги добивме преку големата анализа ИЈЗ Скопје, и малата анализа ЦЈЗ Кочани.

***1. Азотни соединенија***

Азотните соединенија не преставуваат закана по квалитетот на водата за пиење, бидејќи нивните концентрации постојано се пониски од оние што се пропишани според Правилникот за безбедност на водата за пиење. Најчесто азотните соединенија ни се показател дека загадувањето е од антропогено потекло.

***2. Железо***

Не се забележани повисоки концентрации на железо во суровата вода,а таа мала концетрација што е присутна со самиот процес на таложење и филтрирање се отстранува.

***3. Органски параметри***

Присуството на органските параметри во водата има влијание врз квалитетот на водата. Кај нас и во суровата вода има присуство на органски материи кои со процесот на таложење успешно се отстранети до концентрација која е дадена преку Павилникот за безбедност на водата за пиење. Органските материи успешно се отсрануваат, се одржува стабилно ниво на преработка на водата и стабилен квалитет.

***4. Дезинфекција на водата***

Контролата на дезинфекција на водата се врши со мерење на концентрацијата на резидуален хлор во финалната вода. Со воведувањето на новите мерки против KOVID 19 концентрацијата на резидуалниот хлор на водата во резерварот изнесува 1 mg/l.

❖ **Заклучок**

Процесот на преработка на вода за пиење е прилагоден на самиот квалитет на сурова вода, односно квалитетот на водата за пиење зависи од квалитетот на суровата вода. pH вредност како и концентрацијата на органските материи успешно се одржани во рамките на вредностите кои се пропишани според Правилникот за безбедност на водата за пиење.

## 2. СЕКТОР ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА

### 2.1. ОДДЕЛЕЛНИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА

Основна задача на оваа работна единица е континуирано снабдување со вода за пиење на граѓаните во Општина Берово.

Бројот на вработени во оваа работна единица се пет од кои работат пет дена во неделата со постојани дежурства во саботите, неделите но и за време на празниците.

Се одржуваат главните цевководи во градот Берово, цевководите за селата Русиново, Владимирово, Смојмирово, Мачево, Будинарци и Митрашинци како и приклучоците од домаќинствата и фирмите.

Должината и профилот кој го одржуваат вработените е: ф500 азбесто цементни цевки во должина од 1800м, регионалниот цевковод од ПВЦ ф400-ф160 во должина од 21800м, дистрибутивната мрежа во Берово со ф50-ф40 со должина од22760м и дистрибутивната мрежа во селските населби со ф50-ф160 со должина од 16000м од ПХД, азбест цемент и ПВЦ цевки.

Вкупната должина што ЈПКР,, Услуга ,, ја одржува е 63000м.

Покрај тоа се одржуваат и шесте резервоари како и трите пумпните станици во Берово и Русиново.

Најлоша е состојбата во с. Владимирово каде мрежата е 100% азбестна и со старост од околу 60 години.

Во оваа 2021 год имавме 29 интервенции на главниот цевковод како и 118 интервенции на секундарниот цевковод низ градот Берово и селските населби.

Иако бројот на вработени е премал сепак дефектите на водоводната линија кои се составен дел од работата на секторот дистрибуција на вода, успешно ги санира и на време така да од тој дел имаме многу мал временски период каде граѓаните како корисници ги оставаме без снабдување со вода.

### 2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ- КАНАЛИЗАЦИЈА

Во работната единица Канализација работат 2 работници .

Должината на канализациониот систем е 22.860м со профил од ф100-ф400 изработен од азбест цемент и пластика во чиј состав влегува:

А) Колекторски систем надвор од населено место (колекторски систем Берово и колекторски систем од с. Русиново)

- Во месец декември поради обилните врнежи од дожд колекторскиот систем од градот Берово на месноста Гошеви воденици беше прекинат на две места во должина од 24 м и 6 м, кој беше саниран од страна на вработените од секторот водовод и канализација.



Б)Канализационен систем во населено место ( Берово и с. Русиново)

Опремата за чистење и отпишување на канализациониот систем се состои од сајла ф18 со должина од 20м и приклучна пумпа со специјална намена за отпишување на канализациони системи.



Вкупно во оваа 2021 година имавме 47 интервенции на главниот колекторски систем  и 46 интервенции на канализациониот систем од индивидуалните куќи и правните субјекти.

Вработените во одделението канализација постојано интервенира во секој период од денот дали на физички или на правни лица, кога имаше потреба за тоа и успешно се справија со настанатите ситуации.

Со ова работна единица се врши и чистење на оџаци.

## 3. СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)

Пречистителната станица за отпадни води врши прием и пречистување на урбаните отпадни води до секундарно ниво на пречистување. Проектиран капацитет на ПСОВ е 14000 еквивалент жители. Просечното оптоварување (ЕЖ-еквивалент жители) на станицата, по месеци за бараниот период, земено според податоците за биолошка потрошувачка на кислород (BOD5), може да се види од графикот на сл.1.




Сл.1 Просечно месечно оптоварување на ПСОВ по BOD5

Од графикот се гледа дека станицата во дадениот период работеше со просечно оптоварување од околу 9300 ЕЖ или 67% од максималниот капацитет

Во овој период ПСОВ работеше со пет вработени.

### 1. Количини на преработена отпадна вода

Во 2021 година ПСОВ има преработено вкупно 1108222 м³ отпадна вода или во просек 92352 м³ месечно а вкупната фактурирана потрошувачката на електрична енергија изнесува 262544 KWh или во просек 21878 KWh месечно (сл.2).




**Сл.2 Преработена отпадна вода и потрошена ел. енергија по месеци**

Споредба на горенаведените параметри за периодот 2015 - 2021 година е дадена во следната табела 1.

| параметар | 2015г. | 2016г. | 2017г. | 2018г. | 2019г. | 2020г. | 2021г. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пречистена вода (м³) | 708325 | 651384 | 742080 | 1328133 | 957431 | 831850 | 1104229 |
| ел.енергија ( kWh) | 234094 | 228257 | 229681 | 322496 | 262072 | 259824 | 262544 |
| **(м³/kWh)** | **0,330489535** | **0,350418494** | **0,309509756** | **0,242819055** | **0,273724164** | **0,312344774** | **0,237762** |

Табела 1

Од табелата се гледа дека соодносот на потрошена електрична енергија и пречистени количини на отпадна вода за 2021 година е под рамките на проектираното и изнесува 0.237 kWh/m³. (проектирана просечна потрошувачка е 0.3 kWh/m³).

Во овој период од работењето на станицата, во полињата со трска се исфрлени 4375м³ мил која како вишок се создава во процесот на пречистувањето.

**2.Функционирање на машинскиот парк во ПСОВ**

Во периодот за кој се однесува извештајот се извршија следните активности врз агрегатите од машинскиот парк и лабораториски инструменти:

1. Се замени кабел за напојување на пумпа од влезна пумпна станица
2. Се поправи фрекфентен регулатор за влезна пумпа со замена на кондензатор
3. Се изврши чистење на песколов
4. Се инсталира фрекфентен регулатор на дувалка бр3.
5. Се изврши садење на трска во поле бр.1.
6. Се изврши замена на каиш на цедалка
7. Се изврши ревизија на шахта од влезна пумпна станица и се изврши поправка на скинати навојни вретена од подножје на пумпа бр3.
8. Се изврши премотување на статор на пумпа бр 3 од влезна пумпна станица.
9. Се замени аналоген модул на главниот компјутер.
10. Се заменија ремени на дувалка бр 3.
11. Се замени рутер за интернет.
12. Се поправи ел.магнетен вентил на реактор бр. 2.
13. Се замени воздушен филтер на дувалка бр. 3.-
14. Се извршија редовни замени на уље на сите агрегати.

За функционирањето на секој агрегат се води евиденција и се прави извештај според зададен протокол за работа.

**3. Лабораториски извештај**

Во склоп на ПСОВ опремена е лабораторија наменета за следење на квалитет на пречистената вода, квалитет на влезната вода и параметри битни за следење на процесот. Во изминатиот период направени се вкупно 45 лабораториски анализи на квалитетот на влезната и излезна вода. Во рамките на овие анализи направени се над 700 мерења на релевантни параметри важни за работата на станицата и над 1000 мерења за секојдневно следење и управување на процесот на пречистување на водата.

## 3.1 Физички испитувања

3.1.1. SS-суспендирани цврсти материи

Овој параметар го покажува количеството на цврсти материи присутни во отпадната и пречистената вода.




Сл.3 Средни месечни вредности на SS за отпадна и пречистена вода




Сл.4 Ефикасност (степен) на пречистување по SS

Од графиците се гледа дека во периодот јануари-април има мало отстапување заради ниската температура на влезната вода а во декември отстапувањето се должи на прекинот на главниот колектор и инфилтрација на вода од реката Брегалница.

**Хемиски испитувања**

3.2.1 pH на водата

Овој параметар континуирано се следи заради неговата важност околу самото функционирање на станицата.

Во овој период овој параметар се движеше во дозволените граници.

3.2.2 BOD5-Биолошка потрошувачка на кислород

Податоците од добиените лабораториски мерења за BOD5 во периодот на извештајот може да се видат во следните графици:




Сл.5 Средни месечни вредности за BOD5 за отпадна и пречистена вода



**Сл.6 Ефикасност (степен) на пречистување по BOD5**

Од графиконите на Сл.5 и Сл.6 може да се види дека овој параметар на излезната вода во тек на целиот период има вредност која одговара на пропишаните законски норми т.е. се движи над пропишаните 70%.

3.2.3. COD-Хемиска потрошувачка на кислород

Резултатите од лабораториските испитувања на овој параметар за бараниот период може да се видат во следните графици:




Сл.7 Средни месечни вредности за COD за отпадна и пречистена вода




**Сл.8 Ефикасност (степен) на пречистување по COD**

Според  добиените резултати од испитувањата може да се каже дека по однос на COD ефикасноста на работење на станицата е во рамките на предвидените стандарди.

3.2.4 Азотни соединенија

Од азотните соединенија во ПСОВ во овој временски период постојано се контролира амониумот NH4-N  и вкупен азот Ntot.  Резултатите од испитувањата на амониумот може да се видат на следните графици:




**Сл.9 Средни месечни вредности за NH4-N за отпадна и пречистена вода**




**Сл.10 Ефикасност (степен) на пречистување по NH4-N**

Според  резултатите  од сл.9 и сл.10 се гледа дека отстранувањето на амонијакот во овој период беше во рамките на законски пропишаните нормативи освен во периодот февруари - април заради веќе наведените проблеми со инфилтрација на многу студена отпадна вода.

4. Останати активности

Во овој период вработените на ПСОВ беа ангажирани и на следните активности.

1. Учество на работилница за енергетска ефикасност организирана од АДКОМ
2. Учество на работилница за проблемите со вишокот на мил која ва организација на АДКОМ се одржа во три сесии.
3. Учество на работилница за изготвување на договор за пречистување на отпадна вода од Пехчево

**5. Заклучок**

Во периодот **01.01.2021 до 31.12.2021** година ПСОВ работеше нормално. Најголем проблем беше прекинот на главниот колектор кој се случи заради високиот водостој на реката Брегалница во месец декември после обилните дождови. Поточно се случил прекин на колекторот на две места од кои на едно место фалеше цевка од 30 метри е на другото цевка од 6 метри. Има уништено и една спојна шахта. Освен овој прекин во изминатиот период имавме и неколку најавени и ненајавени кратки прекини на електрична енергија од страна на ЕВН но и два прекини заради дефект на далноводот за електрична енергија. За среќа при овие дефекти немаше некои поголеми последици за агрегатите и автоматиката на станицата. Во периодот што следи потребно е многу појака контрола над индустриските капацитети во смисла дали отпадната вода која ја испуштаат е со квалитет кој го пропишуваат законите. Тука мора да имаме помош и од локалната самоуправа која преку нејзината инспекциска служба ќе обезбеди станицата да функционира без проблеми во однос на квалитетот на влезната отпадна вода. Еден поголем проблем во работењето на ПСОВ претставува и континуираното фрлање на крупен отпад и влажни марамици во канализацијата поради што има постојани блокирања на работата на влезните пумпи и на филтрите. Заради тоа потребна е набавка на машина за автоматски чистење на влезната станица. Се надеваме дека во блиска иднина истата ќе се набави со што ќе се продолжи векот на траење на пумпите и филтрите кои и онака се делумно амортизирани и не работат со полн капацитет.

## 4. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА

### 4.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Собирањето и транспортирањето на отпадот до депонијата од домаќинствата, фирмите и дуќаните го извршуваат 16 работници распоредени на четири возила од кои сите се специјални возила наменети за собирање и транспортирање на отпад РЕНАУЛТ произведени 2000 година и 2001 година, МЕРЦЕДЕС од 2004 и Ивеко 2020 година 2 броја.

Собирањето транспортирањето и депонирањето на отпадот се врши по програмски план секој работен ден како и сите саботи и недели но и за време на празниците

Во градот Берово чистењето на платформите , празнењето на контејнерите и семејните канти се врши редовно и во согласност со изготвениот распоред по денови и улици.

Во останатите селски населби Владимирово, Русиново, Ратево, Смојмирово, Мачево, Будинарци ,Митрашинци и Двориште собирањето и транспортирањето на отпадот до депонијата го вршиме еднаш неделно според изготвен распоред по денови.

Комуналниот отпад се собира и од туристичката населба Абланица, Беровското Езеро- Браната и Суви Лаки и тоа еднаш неделно.

Во месец Ноември – Декември е извршена замена на сите контејнери со нови добиени преку проектот за отворање на регионалната депонија во источно планскиот регион.



Покриеноста за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Берово е 100%.

За подобрување на сликата и почиста средина во соработка со Општина Берово околу контејнерите на неколку места се поставени решетки за контејнерите и тоа во градот Берово и на некои места во селските населби.



Исто така во соработка со Општина Берово во два наврата е учествувано во расчистување на неколку мали диви депонии во Општината.

Дел од отпадот и се селектира и тоа во соработка со Пакомак - селекција на стакло за што се поставени соодветни садови т.н ѕвона.




Порамнувањето на депонијата која е доста исполнета го вршиме преку ангажирање на градежна машина од приватна компанија избрана преку јавна набавка.

Од почетокот на годината поточно од месец Февруари како и во летните месеци Јуни, Јули и Август се соочуваме со проблем околу горење на депонијата, за чие гаснење постојано ги вклучуваме и вработените во Противпожарната бригада.

## 4.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА

Работните задачи во РЕ Механизација ги извршуваат 2 работника и тоа еден автоелектричар и еден возач на градежна машина.

Возниот парк се состои од една градежна машина - ровокопач од 2004 година, еден камион кипер Сканија од 1989 година ,три трактора и две приколки ( двата трактори се од 1971 година и едниот 2004 година), пет специјални возила за собирање на смет од 2000 ,2001, 2004 и две од 2020 година, патнички возила Ренаулт канго -2007 год., Лада Нива -1997 год., Рено дачија - 2004 година.

Поради немање на механичарска работна единица, а поради чести дефекти на возилата принудени сме за поправка на возилата да ангажираме други правни субјекти и приватни лица.

Со работната единица механизација успешно се одговара и на потребите од другите работни единици.

Најголема ангажираност има со РЕ Водовод и канализација на отстранување на дефектите кои се јавуваат на нивните линии но и на другите РЕ како и на градските гробишта.

Зимското одржување на улици и патишта во Општина Берово во зимските месеци од почетокот на оваа година успешно ги извршивме и тоа со две возила во сопственост на

ЈПКР,,Услуга“ Берово и тоа Фап опремен со нож за чистење снег и расфрлувач на сол и песок и ровокопач Хидромек со нож за снег. По високите зони од градот како и во с. Двориште за зимското оджување вклучена и приватна компанија изберена на тендер.



## 5. СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО

### 5.1. ОДЕЛЕНИЕ ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО

Во изминатата 2021 година работната единица Паркови и градско зеленило при ЈПКР ,,УСЛУГА,, Берово работеше според програмата за работа донесена од Општина Берово и усвоена од Советот на Општина Берово и за потребите на локалната самоуправа. Во одделот Паркови и зеленило се вработени 7 работници кои навремено и одговорно ја извршуваат потребната работа. Сите предвидени активности беа извршувани согласно временските периоди и атмосферските прилики и техничките и човечките ресурси.



Новонастанатата здравствена состојба на појава на КОВИД-19 на глобално ниво не ја одмина ни нашата држава а исто така и нашата општина. Од владата беше донесено препорака за работа со скратено работно време или со одредени препораки за заштита но нашиот оддел работеше со полно работно време и беше вклучено во извршување на заштитните мерки предложени од кризниот штаб во Општината.

***Извештај за работа на ЈПКР Услуга Берово за 2021 година***

Според програмата донесена од Општината зелените површини се поделени на :

1. **Паркови во градот**
2. **Зеленило покрај улиците и канали**
3. **Парцели за садење на цвеќе**

1. Во градот има повеќе зелени површини за одржување.(паркови).

- Американски парк ........................................... 11000 м2
- Парк спроти Детската градинка...........................100 м2
- Парк покрај зграда на ПИОМ.............................2850 м2
- Парк околу Основен Суд ..................................1500 м2
- Парк околу Старата Гимназија...........................8000 м2
- Парк при Градски Стадион ...............................7800 м2
- Парк околу станбена зграда ...............................4200 м2
- Парк на улица 11 октомври ................................. 30 м2
- Парк при мустрачинци ..........................................24 м2
- Парк меѓу недопирливи ....................................1200 м2

2. Други зелени површини околу улиците односно тротоарите.

- Зелен појас на ул ,,МошаПијаде ,, од двете страни ....................4500м2
- Зелен појас на ул ,,Неретва,, од двете стани ................................1200м2
- Зелен појас на ул ,,Партизанска ,,од двете страни .....................1030 м2
- Зелен појас на ул ,,Гробарска ,, од двете страни ..........................750м2
- Зелен појас на ул,,Малешка ,, од двете страни ........................... 225м2
- Зелен појас околу зграда на МВР .................................................300м2
- Зелен појас спрема Сточен пазар .................................................6450м2
- Зелен појас на ул,,Задарска;, од двете страни ............................2400м2
- Зелен појас на ул ,,Крушевска,, ....................................................600 м2
- Зелен појас на ул,,Ѓуро Ѓаковиќ,, ................................................1200 м2
- Зелен појас на ул,,Велко Влаховиќ,, ..........................................2500 м2
- Зелен појас на ул.,,Димитар Влахов,, ...........................................900 м2
- Зелен појас на ул.,,Борис Кидрич,, .............................................1500 м2
- Зелен појас на ул ,,11 Октомври,, ..................................................1200 м2
- Зелен појас на кеј на р. Брегалница до кафтански мост ................450 м2
- Зелен појас на ул ,,Туристичка,, .................................................1500 м2
- Зелен појас на ул ,,Туристичка,, ..................................................1500 м2
- Зелен појас на ул ,,Страшо Пинџур,, .............................................300 м2
- Зелен појас од ловен дом до ул,,Страшо Пинџур,, .......................1800 м2

- Зелен појас на ул,, Даме Груев,, ....................................................1950 м2
- Зеленило во двор на Градско собрание ...........................................820 м2

3. Парцели кои се предвидени за засадување на цвеќе

- Плоштад ,, Димитар Беровски,, ............................................200м²
- Парцели во Американски парк ............................................1000м²
- Парцели во парк пред Градски стадион ..............................1000м²
- Парцили на кружен тен во градот ........................................ 50м²
- Жардинјери на кеј на р. Брегалница .....................................50м²
- Мала парцела на раскрсница на ул,,23 Август,, .................. 10м²





Оваа измината 2021 година како и претходната година овој сектор самостојно во сопствена фолија одгледуваше цвеќе за потребите и уредувањето на централното подрачје во градот. Се набави хибриден расад и семиња од разновидни фамилии за подобрување на квалитетот на цвеќето. Изминатата година беше набавен и готов расад од Љубичици (Viola sempervirens) а подоцна заменет и со летни видови на ползечки слезени (Pelargonium peltatum) и позлечки петунии (Petunia surfinia) кои беа поставени на канделабрите во централното градско подрачје.

Со отпочнување на пролетта започнаа и работите предвидени во парковите. Се отпочна со обработување на парцелите предвидени за садење на цвеќе. Оваа пролет се донесе арско ѓубре и се пополнија сите парцели предвидени за цвеќе. Истовремено се одржуваат парцелите под цвеќе со нивно редовно окопување, чистење од плевели и редовно полевање. Оваа година дел од цвеќињата се купија како готов расад, дел како расад кој дополнително се одгледуваше во фолија, а дел од цвеќињата се од сопствено производство.

 

Оваа пролет  од страна на работници во одделот  на паркови и зеленило  беше изработена железна конструкција во форма на пеперутка и истата е поставена на влезот во градот односно во паркот кај градски стадион. Во самата конструкција се поставени саксии со ползечки петунии и бегонии.

Цвеќињата се третирани и со прскање со фолијарно ѓубриво и по потреба со фунгицид и инсектицид. Со отпочнување на топлите денови цвеќињата се одгледуваа и редовно се полеваа.  Се засадија разни видови на цвеќиња (љубичици, петлов гребен, бегонија, далија, петунии, ниска радача (жолт и шарен), газанија,  копривки, инпатианс) кои го надополнуваат комплентиот сјај на градското зеленило во градот.

 

Тековното одржување на зелените површини во изминатата година се состоеше од одржување на хигиената, редовно косење на површините и собирање на тревата. За таа цел се активирани две самоходни косачки и четири косачки на конец.. Косењето се отпочнува во пролетниот период кога започнува вегетацијата и трае се до касна есен. После секој откос тревата се собира и се отстранува од зелените површини.  Косењето на зелените површини се

одвиваше по некој распоред или по приоритет за косење односно главно се почнуваше од централното градско подрачје па кон периферијата. Освен зададените зелени површини во централното градско подрачје се косат и сите други површини во градот и селските населби.

Во изминатата 2021 година во соработка со Општината и Црковниот одбор од Берово се договорија сите селски гробишта да бидат дел од уредување и косење на нашиот оддел во ЈПКР ,,Услуга ,,- Берово. Во текот на годината сите селски гробишта беа окосени и средени а имаше и акција за кастрење на диво изникнатите дрвја и уредување на целиот простор на гробиштата. Селски гробишта кои беа предвидени и реализирани во 2021 год се во селата : Митрашинци, Будинарци, Мачево, Смојмирово, Русиново, Ратево и село Двориште со вкупна површина од околу 40 000 $м^2$. Одржувањето на селските гробишта се предвиде и во програмата на Општината и за наредната година и се надевам на повторна соработка на големо задоволство на селаните.





Во есенскиот период од годината во секторот Паркови и зеленило има доста работа предвидена за тој период. Паднатите листови по парковите се собираат и се депонираат, листовите од дрворедите по улиците навремено се собираат и утовараат на трактор. По паѓањето на сланата парцелите со цвеќе се обработуваат односно се вадат цвеќињата и се припремаат за зимски услови. Во зимски услови работниците од паркови и зеленило се задолжени за зимско одржување на улиците во општина Берово.





## 5.2 ЧИСТОТА НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

За чистотата на јавните површини во централното градско подрачје се грижат вработените во секторот за Јавна чистота во претпријатието. Во овој сектор работат 8 работници кои редовно и навремено ги извршуваат зададените задачи во зависност од временските услови.






Под јавни површини во градот се подразбира:

- **улиците во градот (главни и споредни)**
- **тротоарите покрај улиците**
- **паркиралишта**
- **како и коритото на реката Брегалница**

Изминатата 2021 година се работеше по програмата направена и предвидена од Општина Берово и склучениот договор меѓу општина Берово и ЈПКР,, Услуга,, -Берово и во изминатата 2021 година се направи распоред за редовно одржување на улиците во градот и околните села и тоа по следната динамика:

1. **Улици кои се метат секо јден**

- Ул.„МаршалТито“ одПошта – ул.„Илинденска“ и одул.„ЦветанДимов“ – Комунално.....2205 $м^2$

и Плоштад со паркинг................................................................................................6700 $м^2$

- Ул.″23ти Август“ одул.„Маршалтито“ – ул„МошаПијаде“.............................................320 $м^2$

- Ул.„ЦветанДимов“.......................................................................................................200 $м^2$

**Вкупно: 9425 $м^2$**

2. **Улици кои се метат секој работен ден**

- Ул.″23ти Август“.................................................................................................................2000$м^2$

- Ул.„МирчеАцев“..............................................................................................................610 $м^2$

- Ул.„МошаПијаде“ од стопански влезна осмолетка до ул.„ 23ти Август“............................1480 $м^2$

- Ул.„ДимитарВлахов“одсобраниедоул.„ 23ти Август“........................................................715 $м^2$

**Вкупно: 4805 $м^2$**

3. **Улици кои се метат еднаш неделно**

- Ул.„СтрашоПинџур“ одул.„Илинденска“ доул.„ЦветанДимов“.......................................920 $м^2$

- Ул.„Илинденска“ одул.„СтрашоПинџур“ доул.„М.Тито“....................................................350 $м^2$

- Ул.„Партизанска“ одул. .„М.Тито“ доул.„Задарска“..........................................................2700 $м^2$

- Ул.„Задарска“..................................................................................................................2400 $м^2$

- Ул.„БорисКидрич“ одул.„ 23ти Август“ до канал.............................................................320 $м^2$

**Вкупно: 6690** $м^2$

4. **Улици кои се метат еднаш месечно**

- Ул.„МаршалТито“ одПошта – раскрсница Алкалоид .....................................................3400 $м^2$

- Ул.„Партизанска“од ул„Задарска“ до Ул„Борис Кидрич“и од ул.„М.Тито“

до ул „Даме Груев“ ...........................................................................................................2400 $м^2$

- Ул.„Моша Пијаде“ од ул.„ 23<sup>ТИ</sup>Август“ до Манастир и

од ул.„Партизанска до стопански до влез на осмолетка.......................................................4600 м$^2$

- Ул.„БорисКидрич“ од раскрсница ладимерски пат доканал ..................................4500 м$^2$
- Кеј нов............................................................................................................7300м$^2$
- Плоштад с.Владимирово...........................................................................1769 м$^2$
- Плоштад с. Русиново...............................................................................2662 м$^2$
- Плоштад с.Ратево....................................................................................1894 м$^2$
- Плоштад с.Смојмирово...............................................................................791 м$^2$
- Плоштад с.Будинарци.................................................................................1740 м$^2$

**Вкупно: 31056 м$^2$**

Во зимскиот период од годината работниците од Р.Е Јавна чистота и Паркови и зеленило активно беа вклучени во зимското одржување во градот. Редовно се фрлаше песок и сол со трактор и сеалка по улиците во градот. Исто така тротоарите се чистеа од снег за полесно движење на минувачите, а редовно се одвиваа активности зададени и од локалната самоуправа.




По обилните дождови и топењето на снегот реката Брегалница имаше силен водотек со што беа нанесени многу отпадоци и гранки од дрва. Се пристапи кон чистење на коритото на реката и рачно со алатки и со трактор се изнесуваат отпадоците.

Во летниот период се пристапи со третирање на коритото на р. Брегалница. Целиот кеј се испрска со тотален хербицид кој беше оставен да делува десетина дена, а потоа рачно се исчисти коритото од корови кои никнале на одредени пукнатини, а земјените наноси во реката обраснати со трева редовно се откосуваат.





Одделението за Јавна чистота спроведе повеќе акции за чистење на јавни површини во Општина Берово и јавни површини во селските населби. Опфатени беа сите села предвидени во програмата од Општината. Во селските населби се изврши косење, чистење и исфрлање на сметот од мегданите и се чистеше просторот околу поставените контејнери. Во градот се врши редовно метење на централните улици како и косење и чистење и на периферните улици во градот.

Преку Општината се спроведе акција за собирање на градинарски отпад од предвидени локации во градот. Граѓаните можеа да го исфрлат својот отпад, а ние со нашите возила го транспортиравме до депонијата. Исто така имаше повеќе акции за собирање на кабаст отпад од домовите со претходна најава до службите на ЈПКР ,,Услуга".

**Градскиот стадион** во Берово е под управа на Општина Берово а дадено за одржување на комуналното претпријатие ЈПКР ,,Услуга" . Целото фудбалско игралиште засадено со трева и редовно се одржува со распрскување со вода и редовно откосување и одржување на чистотата на трибините и на целиот градски стадион. Поради состојбата со пандемијата од КОВИД-19 се откажани сите тренинзи и натпревари кои се одвиваа на градскиот стадион. Поради тоа Општина Берово заедно со претседателот на фудбалскиот клуб ,,Малеш" решија да се постави нова мрежа за наводнување .

### 5.3 ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Во 2021 год.погребалните услуги продолжија да се одвиваат во специфични услови кои беа врзани за пандемијата од КОВИД 19 и целокупната работа беше диктирана и ограничена од параметри поставени од таква ситуација од кризниот штаб со точно одредени протоколи.

Одделението одржувањето на градските гробишта го вршеше со 3 работника и се работеше на редовно чистење, косење, кастрење на градските гробишта. Градската капела работеше исто така по строго дефинирани протоколи, чистење и редовно дезинфицирање на просториите и фрижидерите со комори со соодветна опрема.

Групата работеше на изработка на патеки и стази на алеа 2 ( во новите гробишта) како и цокли на гробни места предвидени со проектот (направени 34 нови цокли - двојни) и 23 цокли во старите гробишта. Погребани се 89 покојници во Општина Берово и 96 во околните селски населби.

Користењето на капелата, влезот во градските гробишта беше наплатувано по договори и цени дефинирани од ЈПКР ,,Услуга"- Берово. Истото се наплатуваше од операторот и од каменорезците во текот на годината. Капелата се користеше за покојници како од селските населби така и од Општина Пехчево.





Покрај одржувањето на градските гробишта како градежна група работеше на градежно-занатски работи за кои имаше потреба ЈПКР,, Услуга" -Берово и тоа:

- Изработка на стаза бехатон кај Стопанска банка и сточен пазар
- Изработка на дел од дрвен мост стопа, столб кај сточен пазар
- Изработка на шахти Колачински пат, кај вишни канализациони и водоводни
- Поправка на прекопи на улици со гранитни коцки ул.,, Велко Влахович,, ,, Белградска,, и ,, 23 Август,,.
- Поправка на сообраќајни знаци, поставување нови како и фарбање ознаки на улици( хоризонтална сообраќајна сигнализација)
- Поправка и уредување на парапети кај суд

- Поправка на шахти (канализациони и водоводни) капаци и кинети.
- Групата беше ангажирана и на други работи како изработка на стопи за канделабри, темели за клупи,и нивно поставување на кејот
- Изработка на два дрвени моста на каналот на градски гробишта

  Во месец Декември 2021 год по договор за изведба се отпочна со широк откоп за проширување на градските гробишта – фаза 2 -- со цел обезбедување на нови гробни места.

## 5.4 ГРАДСКИ ПАЗАР

Во Берово постои градски пазар со кој стопанисува ЈКПР „УСЛУГА“ Берово. Согласно законски прописи на пазарот наематели на тезги можат да бидат лица кои поседуваат уредно регистрирани фирми, валидни документи од Централниот регистар на УЈП, а се во согласност со Законот за трговски друштва и Законот за пазари.

Бројот на наематели на тезги е различен во текот на годината односно во зимскиот период истиот е претежно намален т.е бројот на наематели се движи некаде од 20 (дваесет) до 30 (триесет), додека во другиот период од годината истиот се зголемува и достигнува и до 80 (осумдесет) наематели.

Преку општината беше изграден нов современ пазар и истиот беше пуштен во употреба. Истиот е покриен и на наемателите на тезги им се овозможени многу подобри и современи услови за работа. Во месец октомври 2021 година од страна на Општина Берово беа набавени 88 (осумдесет и осум) нови тезги за пазарот. Половина од тезгите се со рамка и ги користат наемателите кои продаваат текстилни производи, а другата половина се без рамка и ги користат наемателите кои продаваат зеленчукови и земјоделски производи.




Со оглед дека во 2021 година се соочивме со пандемија од КОВИД - 19, па согласно препораките од Комисијата за заразни болести и Министерство за здравство и Координативното тело при Општина Берово за следење на состојбата со КОВИД – 19 (корона вирус) периодот од 17.03.2020 година па се до 30.04.2020 година градскиот пазар беше затворен и истиот не беше во употреба. Почнувајќи од 30.04.2020 година истиот беше пуштен повторно во употреба исклучиво за зеленчукови и земјоделски производи. При користењето на градскиот пазар, а согласно протоколите задолжително беше носење на заштитни маски и

ракавици, како за продавачите на тезгите така и за посетителите на пазарот. Тезгите беа распределени на соодветен начин согласно мерките и препораките, а посетителите мораа да се придржуваат до препораките за растојание. На двата влеза на пазарот имаше поставено редари кои внимаваа дали ќе се следат насоките на координативниот кризен штаб за почитување на мерките и протоколите.

Во Берово пазарен ден е четврток. За функционирање и непречено работење и одржување пазарен ред, дисциплина и наплата одговорни се двајца извршители. Наплатата се врши месечно за закуп на тезга и дневна наплата на пазаришна такса.

Пред и по завршувањето на пазарните активности пазарот се чисти од сметот кој се исфрла и депонира на градската депонија. На пазарот има и хидрантен систем кој се користи за перење на пазарот најмалку еднаш во летниот период. Овие активности ги вршат вработените во секторот за градска чистота при претпријатието. На пазарот постои санитарен јазол со посебни простории за мажи и жени  како и просторија за миење на рацете.

На пазарот има поставено и сад за собирање на отпадна електрична и електронска опрема, за кое нешто Општина Берово има склучено договор со колективен постапувач.




Со изградбата на новиот современ пазар како и создавањето на современи услови за работа во истиот се надеваме дека се задоволни како наемателите на тезгите така и граѓаните на општината.